# **ПРОТОКОЛ** ЗА ИЗЛЕЗ И ВЛЕЗ ОД ДРЖАВАТА НА ИЗБРАНИ НОСИТЕЛИ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ ОД ВЛАДАТА И МИНИСТЕРСТВАТА

## ПРЕД И ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ

Избраните носители на јавни функции, вработени во Владата и министерствата, државјани на Република Северна Македонија, при излегување од државата поради итни неодложни државни интереси **задолжително потпишуваат изјава** при излез од државата за доследно придржување кон пропишаните мерки за:

- Носење заштитна маска со избегнување на допирање на лицето (очи, нос, уста) со рацете
- Често миење раце или дезинфекција на рацете за време на престојот надвор од државата
- Физичко дистанцирање од 1,5-2м и намалување на физички контакти (се забранува поздравување со раце)
- Се препорачува да не се користи јавен превоз и такси во местото на престој

## ПО ВРАЌАЊЕ ОД ПАТУВАЊЕ

Лицата при враќање во земјата спроведуваат одредени превентивни мерки во период од 14 дена од денот на влегувањето во државата, за кој период се препорачува:

- Не е потребно спроведување на тестирање за КОВИД-19
- Носење заштитна маска во затворен простор и надвор од домот, избегнување допирање на лицето со рацете
- Ограничување на личните и професионални контакти со други лица од нивната околина и надвор од неа
- При евентуален контакт со други лица задолжително е носење на заштитна маска
- Должни се да се придржуваат кон упатствата за намалување на ризикот од пренесување на инфекцијата
- Често миење раце или нивна дезинфекција
- Избегнување физички контакт и одржување на дистанца од најмалку 1,5-2м при контакт лице-в-лице

## ПРЕПОРАКА

Мерење на телесна температурата наутро, и доколку е поголема од 37,2 °C или ако лицето има симптоми (треска, отежнато дишење, сува надразнителна кашлица) го контактира телефонски својот матичен лекар или ја известува регионалната епидемиолошка служба, кои ќе одлучат за понатамошниот третман.

Доколку состојбата бара итна хоспитализација се повикува итна медицинска помош или со сопствено возило во придружба на еден член на семејството ја посетува најблиската КОВИД болница, со претходна најава по телефон.

Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

# **PROTOKOLL** PËR HYRJE DHE DALJE NGA SHTETI I ZYRTARËVE TË ZGJEDHUR BARTËS TË FUNKSIONEVE PUBLIKE NGA QEVERIA DHE MINISTRITË

## PARA DHE GJATË UDHËTIMIT

Zyrtarët e zgjedhur bartës të funksioneve publike,të punësuar në Qeveri dhe ministri, shtetas të Republikës së Maqedonisë së Veriut, gjatë daljes nga shteti për shkaqe të interesave urgjente shtetërore, **detyrimisht nënshkruajnë deklaratë gjatë daljes** nga shteti për respektimin e masave të caktuara për:

- Mbajtjen e maskës mbrojtëse duke shmangur prekjen e fytyrës (syve, hundës, gojës) me duar
- Larjen e shpeshtë të duarve ose dezinfektim i duarve gjatë qëndrimit jashtë shtetit
- Distancë fizike prej 1,5-2m dhe ulja e kontakteve fizike (ndalohet përshëndetja me duar)
- Rekomandohet të mos përdoret transporti publik dhe taksi në vendin e qëndrimit

## PAS KTHIMIT NGA UDHËTIMI

Personat gjatë kthimit në vend zbatojnë masa të caktuara **parandaluese në periudhë prej 14 ditësh** nga dita e hyrjes në shtet, për të cilën periudhë rekomandohet:

- HNuk nevojitet që të kryhet testimi për COVID-19
- Mbajtja e maskës mbrojtëse në ambient të mbyllur dhe jashtë shtëpisë, shmangia e prekjes së fytyrës me duar
- Kufizim i kontakteve personale dhe profesionale me persona të tjerë nga rrethi i tyre dhe jashtë tij
- Gjatë kontaktit eventual me persona të tjerë, detyrimisht duhet të mbahet maskë mbrojtëse
- Janë të detyruar t'u përmbahen udhëzimeve për uljen e rrezikut nga transmetimi i infeksionit
- Larja e shpeshtë e duarve dhe dezinfektimi i tyre
- Shmangia e kontaktit fizik dhe mbajtja e distancës prej së paku 1,5-2m gjatë kontaktit ballë për ballë

## REKOMANDIM

Matje e temperaturës trupore në mëngjes dhe në rast se temperatura është më e lartë se 37,2°C ose nëse personi ka simptome (ethe, vështirësi në frymëmarrje, kollë të thatë) e kontakton me telefon mjekun amë ose e njofton shërbimin rajonal epidemiologjik, të cilët do të vendosin për trajtimin e mëtejshëm.

Në rast se gjendja kërkon hospitalizim urgjent, thirret ndihmë urgjente mjekësore ose me veturë personale në shoqëri të një anëtari të familjes, viziton spitalin më të afërt COVID, me njoftim të mëparshëm me telefon.

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**